**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продолжение на Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 13 октомври 2000 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Саво Климовски претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија. Пратениците Благој Ханџиски, Милан Ставрев, Чедомир Краљевски, Јордан Бошков, Марика Јорданова и Драган Митевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата. Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

63 пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува. Продолжуваме по првата точка од дневниот ред. Има збор господинот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, на почетокот сакам да напоменам дека уште при утврдувањето на дневниот ред за минатата седница кога во пакет беа одбиени информациите што беа предложени за разгледување од парламентарните групи на ВМРО - ВМРО, на ПДП и на СДСМ, ако се сеќавате јас имав притиснато на копчето и сакав да побарам посебна информација да се разгледаат настаните на грубото кршење на изборното право на граѓаните, што се случија за време на вториот изборен круг на 24 септември во Охрид. Меѓутоа, таа седница заврши што заврши и еве денес даде господ, во пакет овие четири информации што се бараа на изминатата седница да се стават во една. Сите како пратениците овде треба да не радува тоа што денес имаме време и простор да се соочиме со некои факти и пред целокупната македонска јавност да ги изнесеме нашите сознанија за немилите настанив што се случуваа, да не претерам, меѓутоа, од првиот па до последниот, до третиот круг на прегласување на овие локални избори 2000 година.

Секако, ќе се согласите и пошироката јавност за тоа се согласува дека сите овие четири информации се различни по структурата на она што сакаат да го понудат пред јавноста, меѓутоа, сите четири имаат еден заеднички именител, а тоа е што во сите четири се провлекува дека во Македонија се случува невиден терор, насилство. Дали се работи за локалните избори, дали се работи за менување на политичките бои на одредени членови на политичките партии. Ако е тоа целта на оваа власт да спроведува терор и насилство во сите сегменти од општественото живеење во Република Македонија, тогаш навистина беше ред денес, а можеби многу порано, но еве и денес, да се соочиме со тие факти и да кажеме дека понатаму вака не се може. Навистина, долго време сум оптоварен и како сведок на немилите настани и во вториот и во третиот круг на прегласување во Охрид и оптоварен од тие состојби, мислев како да започнам денеска да говорам на таа тема. На почеток, да бидам искрен пред Вас, мислев мојата дискусија од 30 до 40 минути да ја искористам со молчење. И, да молчиме пред срамот што ни се случува во Република Македонија и пола час овде да ме гледа јавноста во Охрид, бидејќи Охрид не личи на она што беше пред тоа и не личи она што бил илјадници години наназад и по она што го познава и го препознава светот. После, се одлучив да ви кажам еден почеток на една драма од Горан Стефановски "Диво месо", како почнува. На почеток мајсторот Димитрија седи во количка со скршени нозе и вика ќе има војна. Зад него во кујната, спремајќи ручек, жена му Марија одговара, "доста беше и ваков мир". Се плашев и самиот од овие зборови мислејќи дека се прејаки и дека ќе ме убијат. Меѓутоа, и утрово кога се пробудив истото ми падна на памет и така решив да го почнам ова обраќање пред Вас и пред целокупната македонска јавност и така и да го завршам.

Јас сум осведочен пацифист и миролјубив човек и сите како таков ме познаваат. И, ова првото воопшто не го посакувам. Меѓутоа, ме загрижува што општите состојби во Република Македонија можат да се подведат под ова второто од Марија "зошто ни е и ваков мир".

Затоа, дозволете ми да кажам дека никогаш во овие две години, од кога сум присутен во Парламентот, ниту помислував, ниту се надевав дека ќе излезам на оваа говорница и ќе разговарам за вакви теми. Секогаш ми било полесно од денеска, бидејќи обично сите знаете дека настапувам на економски теми, што ми е и струка, и

колку толку во сегментот на тие економски знаења, придонесувам во работата на овој Парламент. Меѓутоа, денеска сме соочени со едни немили настани што ни се случуваат еден месец наназад, а мислам дека генеза влечат многу од порано во Република Македонија и како такви ред беше денес ДА проговориме отворено и таксативно да ги наброиме и на момент да заборавиме на нашата политичка и партиска припадност, да покажеме едно единство и како луѓе загрижени за оваа држава и за овој народ, да кажеме стоп на овие насилија. Бидејќи, господо пратеници, сите патриоти не живеат за државата, живеат за татковината. Државата е само една административна единица, која ги регулира на некој начин односите помеѓу субјектите внатре. Меѓутоа, татковината е сосема нешто друго. Да беше присутна госпоѓицата Валентина Божиновска, можеби сега ќе воскликнеше она Гогољевското "Татковино каде иташ". Затоа, денеска соочени со фактите, треба да проговориме и на целокупната македонска јавност да и предочиме кој е крив за овие настани. Ценејќи, притоа, дека овој Парламент не треба да го претвориме во судница.

Од вчерашните настапи на одредени пратеници од Пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ, посебно од човекот што настапи во име на координаторот на групата, провејува еден став дека криви се политичките партии. Секако и од настапот на претставникот на Демократската алтернатива. Во секој случај, за ова што ни се случува, криви се политичките партии, а не се криви селските работни задруги низ Македонија. Меѓутоа, не може во исти кош сите да се обвинат на ист начин и се да се подведе дека се сите криви и сите се одговорни и пред совеста и пред законот.

Затоа, дозволете ми, бидејќи бев сведок на настаните и во вториот и во третиот круг во Охрид, не со намера да го заморам овој состав на Парламентот и целокупната македонска јавност, туку со намера да се открие вистината, фактографски да изнесам одреден број податоци, кои мислам дека ако се ослободиме од партиските стеги и од партиските припадности, навистина, ако размислуваме како луѓе, ќе придонесат одредени вистини да излезат на виделина.

Како што се си има свој почеток и крај и овие настани имаа свој почеток. Големото сценарио за "освојување" на Охрид почнува уште од многу порано во пред кандидатурата за истакнување на кандидати за градоначалници за советнички листи. Во охридската чаршија провејуваше оваа теза дека некој од ВМРО - ДПМНЕ од општинската организација најавува големо освојување на локалните избори во Охрид. Тоа ќе се случело затоа што од партискиот врв на ВМРО - ДПМНЕ било наредено или Охрид ќе падне или нема да ве има Вас сите структури што сте во градот на некои партиски функции. Се прашувавме тогаш ние од СДСМ таму, а воопшто и целокупната охридска јавност, се прашуваше од кого тоа ВМРО - ДПМНЕ ќе го освојува Охрид. Кога уште во 1996 година локалната власт ја држеше токму таа партија и за претседавач на Советот на општината Охрид беше избран господинот Ламбе Арнаудов и тогаш целокупната јавност знаеше дека тоа се прави за да се рехабилитира од овој рам што го нанесе на над преку 600 вработени пропаѓајќи ја со своето лошо работење најдобрата охридска фирма т.е. Охридска трговија. Требаше да помине извесно време господинот Арнаудовски тоа да го потврди и во едно интервју дадено за македонската јавност, излезе во печатените медиуми, каде што рече дека "Охрид ќе го освоиме по секоја цена, па макар се гласало и до Нова година среде првиот снег. Значи, дојдовме до таа ситуација што се шушкаше по чаршијата уште за време на пред кандидатурите, да се потврди од устата на првиот човек на ВМРО -ДПМНЕ во Охрид. Сепак, ова налудничаво сценарио и најдобро намерните луѓе во Охрид и најлошите го прочитаа со одредени навестувања дека истите сценарија што се случуваа за време на претседателските избори, кога бевме сведоци на груби фалсификати, на кршење на гласачки кутии, на уфрлување на гласачки ливчиња, значи оперативно гласање од страна на еден човек за цело село итн., дека сепак се спремаат тие сценарија.

Меѓутоа, анализите во партиските штабови на ДПМНЕ во Охрид покажаа дека овие мерки, ако се преземат, не е доволно да се освои градот, бидејќи сите анкети говореа дека предноста е на страна и на советничката листа на здружената опозиција, а и на страна на кандидатот предложен од здружената опозиција или поточно од СДСМ.

Имајќи ги предвид сите овие состојби, а и завршувајќи го првиот круг со еден катастрофален резултат, со огромна предност од 2.500 гласови, која не е случајна во Охрид како разлика помеѓу две партии што се натпреварувале на било какви избори, дали се тоа локални, претседателски или парламентарни,

нормално, почнаа да се прават тие црни сценарија, како таа не освоива разлика од 2.500 гласови, да се стигне до вториот изборен круг. Зошто ја правам оваа дигресија? Ја правам, затоа што сакам да ви покажам и да ви докажам дека суштината на проблемот, фактички, настанува тука. И нема врска никакво поларизирање на партиските структури, поларизирање на граѓаните, на гласачите, само од тоа што излегла здружената опозиција во јавноста со тезата дека овие локални избори воедно се и референдум за предизвикување на предвремени парламентарни избори. Значи, вчера провејуваше тезата дека токму тие, како што рековте, насилнички кампањи што ги водела опозицијата со слоганот дека овие локални избори се и референдум за предвремени парламентарни избори, тоа ги испровоцирало гласачите. Не, почитувани пратеници, не почитувани граѓани, токму сценаријата што се направени на ниво на општинскиот комитет на ДПМНЕ во Охрид, со голема логистичка поддршка од централата во Скопје, тоа придонесе да се случи во Охрид она што се случи и во вториот и во третиот круг.

Иако, сите знаевме што не очекува, мислевме дека витештвото, според она што го рекол Бајрон, се состои во тоа што е подобро да исушиш една солза, отколку да пролееш крв в море. Ние седевме мирно и имавме чувство дека, сепак, Охрид е еден подемократско ориентиран центар од другите средини и не извлековме добра поука од она што се случуваше во првиот круг во некои од албанските средини каде што завршија и со жртви.

Затоа, влеговме во вториот круг релаксирано, имајќи предвид дека таа предност од 2.500 гласови, не може никако да се стопи. Меѓутоа, што се случува? Се случува класичен акт на насилие, влегување на вооружени лица и тоа низ целата изборна единица со панцери, со шлемови, со полуавтоматски оружја, закани, пукање, ставаше пиштоли на слепоочница и биднаа изборите како што биднаа, се стопи таа разлика од 2.500 гласови со уфрлување на нови ливчиња под притисок на силеџиите и првиот круг ние славевме пред вториот круг, пардон, ние славевме победа, бидејќи покрај такво насилие ја издејствувавме таа победа, а исто така, голем дел од активистите на ДПМНЕ излегоа на плоштадот, исто ја прославија таа пирова победа, бидејќи ги објавија резултатите од општинскиот комитет и ни повеќе ни помалку истиот тој резултат за половина час го објави и партиската телевизија, т.е. Македонската телевизија. Нормално, при овие состојби што беа констатирани на теренот, дојде до обжалување на ваквиот резултат и од оние аргументи што беа принесени во приговорот од страна на здружената опозиција, избирачките места 131Б во Хотелот "Магнус" и 1263 каде што беа забележани најфлагрантни кршења на изборното право на граѓаните, беа поништени, а истото тоа поништување го направи и Апелациониот суд после жалбата од страна на позицијата. Дозволете ми да ви предочам неколку факти. Во образложението што го има издадено општинската изборна комисија и после што истото како такво е потврдено од Апелациониот суд во Битола. Вели вака:"Општинската изборна комисија после 19 часот на 24.IX.2000 година доби известување по телефон дека се извршени вооружени напади на повеќе избирачки места на подрачјето на општина Охрид, поради што итно од УВР Охрид побара полицијата да изврши обезбедување на сите објекти во кои се наоѓаат избирачките места и да обезбеди придружба на составите на избирачките одбори од избирачкото место до седиштето на Општинската изборна комисија, за да се заштитат членовите на избирачките одбори и да се обезбеди доставување на изборниот материјал.

При приемот на изборниот материјал, избирачките одобри на изборното место 1263 и 1311, тоа се овие спорните места хотелот "Магнус" и Основното училиште "Братство" во Лескајца, значи, избирачките комисии ставиле забелешки. Со тие забелешки избирачките одбори потврдиле дека не идентификувани, маскирани лица насилно влегле во просториите во кои истите ги извршувале изборните дејствија, дека од страна на тие лица, избирачките одбори биле спречени, да продолжат со извршувањето на изборните дејствија, им бил одземен целокупниот изборен материјал и со истиот продолжиле да ракуваат наведените маскирани вооружени лица, при што заокружувале редни броеви на гласачките ливчиња потоа ги ставиле истите во гласачката кутија и вршеле заокружување на редните броеви во изводот од единствениот избирачки список. Овде обрнете посебно внимание. Овие изјави и забелешки во записниците ги дале на изборното место 1263, Владимир Ќосев, претседател на изборниот одбор, Сандре Цизалоски, член од партиите на опозицијата и заменик член на избирачкиот одбор од партиите на власта, Бранко Петанчевски т.е ги дал потполниот состав на избирачкиот

одбор. Тројцата се и од опозицијата и од позицијата се изјасниле во забелешката дека тројца во наведената група, кои насилно влегле маскирани со оружје во просторијата за гласање поседувале огнени оружја. Во избирачкото место 1311, да не ве замарам да читам кои биле и како биле, значи исто и лицата што биле контролори и членови на избирачките одбори и од позицијата и од опозицијата, го потврдуваат истото сценарио што се случило на првото избирачко место. Да беше мојот ценет колега Столе Попов овде, ова ќе му послужеше како некое мини сценарио за некој крими филм да сними. Значи, маскирани луѓе, со панцери, со шлемови и со огнено оружје.

Од кога тоа е направено, резултатот кој бил околу 600 гласови разлика во корист на здружената опозиција, се претвора во пирова победа од 51 глас победа на противкандидатот, на овој начин како што сега го потврдува Општинската изборна комисија и Апелациониот суд во Битола.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

Вели, после читање на тие резултати, повторно извод од образложението од Решението што го донесе Општинската изборна комисија - "од тоа произлегува дека гласале 99,27%". Јас до сега имам прочитано дека само во Ирак, во Багдат бев еднаш со колегата Карангелески кога Садам Хусеин оваа бројка на гласови ја има од освоено и еднаш имам прочитано дека Фидел Кастро во Куба има добиено 99% гласови. Кај нас тоа е нормално од претседателските избори наваму во одредени изборни места да се повторува таа бројка, меѓутоа, за Охрид ова не било никогаш и се надевам дека никогаш повеќе нема да се случи. Значи, цели 99,27% излегле на гласање. После кажува како е правен тој фалсификат, дека се заокружувани на пример и војници кои еднаш гласале, а најдени се на истиот избирачки список, иако не гласаат тука, туку гласаат во касарната, значи и тука се заокружени при недостиг на повеќе лица кои ги има на избирачкиот список. Нема ниту едно ливче неважечко, туку 6 не успеале кога дошла полицијата на крај, а полицијата нарочно дошла на крај додека не ја завршат овие работата и била во тесна спрега целиот ден на активности со нив. Мислам дека ова е клучниот момент кога почнуваат сите ујдурми да се случуваат на територијата на Охрид.

Ве прашувам, господа пратеници, вчера што дискутиравте овде дека ние сме имале таму рекетари, дека предводник на тие рекетари бил господин Бранко Црвенковски со членовите на партијата во Охрид итн., каде беа нашите луѓе во овој ден на Вториот круг на гласање? Каде беа?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

(Дофрлање од место без вклучен микрофон). Чии се тие?

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Кои тие? Маскираните? Наши не се сигурно.

Господине Стојановски, скраја од умот е јас да потерам човек да ја искрши кутијата во која водам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, да не се расправаме од место и да не провоцираме. Дајте, кажете ги вашите мислења, господине Илоски.

Тоа се однесува и на едните и на другите.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Значи, мора да признаеме сите дека точно е, овие настани беа увертирата на крвавиот 8-ми октомври што се случи во Охрид и тогаш во атмосфера на мирисот на барутот што се создаваше веднаш после отворање на гласачките кутии, граѓаните од овие две изборни места немаа никаква можност да го искористат своето со Устав и закон гарантирано уставно демократско изборно право. Затоа, од сабајлето од 7,30 часот натаму почна дефинитивно новото сценарио за насилие што од прилика влечеше корени од Вториот круг на локалните избори.

Не е чесно, меѓутоа морам да кажам, пред себе да бидам искрен, дека во четвртокот навечер, значи пред неделата, ми се јави човек со анонимен повик на мојот мобилен телефон и рече дека е во ДПМНЕ во седиштето во Охрид и дека ....

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

(Реакција од место без вклучен микрофон).

Кажете го целото име на партијата ВМРО - ДПМНЕ.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Вели, ви подготвуваат фалсификат со лични карти. Навистина не можевме уште да се освестиме каков е тој фалсификат со лични карти. После човекот се јавил кај претседателот на

партијата и му го објаснил тој фалсификат со лични карти. На лица со име и презиме, година на раѓање, со Единствен матичен број во избирачкиот список и со адреса има да им се издаде, по наредба не знам на кои луѓе, веројатно треба органите на прогон тоа да го откријат во догледно време, да им се издадат нови лични карти, нови легитимации и за сите што се умрени од избирачкиот список и за сите што се наоѓаат во странство, а 10-тина години не дошле во РМ и не гласале на сите претходни избори до сега било од кој ранг. Вечерта во саботата (дофрлување од место од некои пратеници) - дозволете ми да зборувам, кога зборувавте сите ве слушав. Вечерта во саботата одржавме последна инструктажа на нашите луѓе кои седеа во избирачките одбори, дали тоа беа членови или набљудувачи и им го посочивме овој пример, особено да внимаваат на овој софистициран нов и досега не практициран модел во изборите во Република Македонија.

Што се случува? Уште утрината во 7,30 часот на изборното место во Хотел "Магнус" доаѓа човек кој носи лична карта на име Ѓорговски Новица. За наша среќа, за да се открие фалсификатот, уште во раните утрински часови кога Господ сака да ги нареди работите и така се редат, членот на изборната комисија од редовите на Здружената опозиција му ја зема легитимацијата и личната карта и го идентификува како Ѓорговски Новица. А, тој Ѓорговски Новица е прв братучед на жената на тој човек што му ја земал личната карта. Бидејќи човекот потекнува од Вевчани, пластично би сакал да ви пренесам каков бил дијалогот меѓу тие двајца. Му вели нашиов: "Кај си бе братко, дојде од Америка после 10 години?" Овој се ѕвери како "теле во шарена врата" во него, не знае што му зборува. "А бе братко, кај си", му вика, "дај да се поздравиме". Овој повторно во паника се врти, сака да излезе од избирачкото место и како се завртува назад, му вика "позади е стрико ти и стрико ми, поздрави се барем со него ако не ме познаваш мене". Стрико му на двајцата седи позади него да гласа. (Дофрлувања од место).

Дозволете да зборувам сега, ако сакате слушајте, ако не, излезете.

(Дофрлање од место со зборовите "така го направивте?").

Така го направивме, да.

Само половина час после него, доаѓа некоја си Андоновска Цвета. Андоновска Цвета на истиот човек му е прва комшивка и пред 2 месеци е отидена да ги види децата во Данска и повеќе не е вратена од таму, за што посетуваме и нејзина легитимација на која нема удрено печат дека гласала. Оваа што доаѓа во името на Цвета да гласа е 70 килограми подебела и потешка од Цвета. Да, да, точно е, вие смејте се, меѓутоа, од овие што мислите дека се многу умни и софистицирани модели, дојде до она најцрно сценарио на крајот на гласањето и што сакавте само на ваков начин да го ублажите поразот од Првиот круг.

Ова се два попластични примери, за кои мислам дека повеќе пратеници се во тек, меѓутоа го кажувам за оние кои не се во тек и за да може и пошироката јавност и новинарите да дознаат какви беа сцените на гласачките места уште во раните утрински часови.

Нашите членови на избирачките одбори и на едното и на другото избирачко место го пријавуваат овој груб фалсификат во седиштето на општинската изборна комисија. Општинската изборна комисија излегува на терен и тоа во состав и претседателот и потпретседателот и го посетуваат прво изборното место на Хотелот "Магнус", а потоа се враќаат да го утврдат истиот овој фалсификат и на другото избирачко место. Кога излегуваат на терен, што гледаат? Истите лица, господа, ова е поентата, истите лица кои во Вториот круг со оружје и маскирани влегоа и ја свршија работата, истите лица внатре како контролори и како претседатели на комисии кападаиски се однесуваат и има една сцена каде што му се заканувaат дека со шлаканица ќе заврши и претседателот на Општинската изборна комисија на избирачкото место кај школото во Лескаица. Човекот се обраќа до полицајците и бара полициско обезбедување да се порача на тоа место и под итно да се отстранат лицата кои се вооружени и кои во панцири и шлемови стојат пред избирачките места и вршат тортура и врз членовите на избирачките одбори и на општинската изборна комисија, да не зборуваме и на граѓаните кои

влегуваат чесно и поштено да го дадат својот глас таму.

После сите овие притисоци, околу 11:00 часот се повторуваат овие сценарија од минута во минута. Имаме потврда дека на едното место се одземени 4 лични карти за да се контролираат. За ова е известен и гледајќи ја на лице место целата ситуација претседателот на Општинската изборна комисија наредува на претседателот на одборот на избирачкото место овие лица да ги задржи со тие 4 лични карти, личните карти да ги предаде во полиција и полицијата веднаш да ги однесе пред истражен судија за да ги идентификуваат дали се работи за нив, или се работи за она што го тврдеше опозицијата, а и така беше и ако се утврди тој фалсификат, дека така се прави, под итно да интервенира и да го прекине гласањето во двете избирачки места. Меѓутоа, што се случува? Повторно се случува спрега на криминалците и власта од највисоко ниво и од Државната изборна комисија стигнува факс по наредба лично на господинот Јосиф Луковски, дека согласно изборното право, изборната регулатива, никој во избирачките одбори освен легитимирање нема право да ги одзема личните документи, иако децидно стои во одредени членови под истите тие закони дека доколку се открие ваков фалсификат, по налог на некој што бара-претседателот на изборната комисија преку полицијата и судството може да ги идентификува тие лица дали се тие или не се тие, односно да утврди дали Цвета се здебелила 70 килограми за два месеци или не се здебелила. На ова остро реагира претседателот на Општинската изборна комисија.

За волја на вистината, морам да ви кажам и се заколнувам дека човекот не го познавам ниту во животот сум видел кој е. Во чаршијата на некои луѓе од СДСМ, каде пресудил по правда, го нарекуваат тој е ортодоксен вмровец, оставете го на страна, тој е против нас, тој ќе не уништи итн.

Од другата страна сега ВМРО му се сврте и вели: "мафнете го, тој е комунист невиден, тој треба да се линчува". Не знае човекот, јадниот правда што сака да истера, во која матна да се вдени во Охрид и кај да седне во која кафана.

Реагираа и и кажаа на Државната изборна комисија, дека не е в ред со такви директиви да не може нему да се одземе законското право да ги идентификува тие лица кои флагрантно ги кршеле законите на лице место кај избирачките места.

Меѓутоа, не се постапува така како што од одозгора некој шеф на државно ниво наредил, личните карти се одземени и се предадени на некој полицаец по име Јоне Богоески и од тогаш им се губи трагата, никој не знае кај ги однел полицаецот, дали ги искинал како што другите кога ги изнесувале лажни, ги кинеле и ги палеле надвор, бидејќи биле само за еднократна употреба и по кажување, барем во образложението на оставката на овие двајца членови што поднесоа оставка, и за тоа после ќе кажам неколку зборови, на претседателот и на потпретседателот на Комисијата, тие јадни не знаат каде се личните карти за идентификација, а барем тие се зачуваа, можеше многу лесно сега да се провери дали таа Цвета или другиот Ѓорговски се тука или не се тука во РМ. Меѓутоа, не грижете се, има и други методи тоа да се провери и тоа многу пософистицирани и повеќе потврдени резултати да се добијат од овие што ги спомнувам како материјални докази, ако ги имавме личните карти.

Дозволете да кажам што е битно. Штета што не е тука министерката за внатрешни работи, па да и дадев некои податоци, бидејќи ништо и онака не знаат, се прават, и сите кривични пријави се поднесени само врз база на едно кратко соопштение на изјавата на господинот Рубенс Наумовски од Општинскиот комитет ВМРО - ДПМНЕ.

Што се случува? Откако се одземаат овие лични карти на избирачките одбори на двете избирачки места, им се наредува од страна на Комисијата, до крај човекот сака, јадниот, да тера правда, ова немојте да го правите, да им ги одземате личните документи, меѓутоа, за оние лица што се сомневате дека не се во Македонија, а се јавуваат со вакви лажни документи да гласаат, бележете ги на посебен и после во приговорите може тоа да биде како

материјален доказ, па ние ќе разгледуваме дали да го потврдиме или одбиеме резултатот.

Сега да беше госпоѓата министерка ќе издиктирав неколку имиња, но можеби некаде не слуша, нека си провери. Така има гласано: Зекири Јаи, Стефановска Валентина, Јуршид Умер, Еминовски Агри, Реџеп Мустафа, Селман Муштепи, Сокол Ајтен, Зулфи Џеникс, Емини Рамиз, Демос Сабрија, Асана Умит, Соколовски Реџеп, Еминоска Ѓултен, Зулфи Лејла, Трајчевски Денис итн. итн., до 25 се запишани на избирачкото место и се дадени како потврда и во полицијата и во Општинската изборна комисија. Имаме информација дека во полицијата веднаш се фрлени во кошница, и велат ова нас не не интересира, кој нешто си запишувал на некакви си ливчиња таму. Меѓутоа, добро е, се водат стенографски белешки од оваа седница, нека се забележат овие имиња, и доколку полицијата утврди дека последниве 5-6 години, а некои и 10 години дошле во Македонија и некогаш било кога гласале на вакви избори, тогаш ќе се откажеме од натамошните активности од овие лакрдија избори.

Оваа изјава господа е поткрепена со изјава пред нотар каде вели под морална, материјална и кривична одговорност тврдам и нотарот тоа го има заверено. Значи, никој главата в торба не си ја реди за она што не било и што не го видел на избирачко место.

Нормално, при едни вакви нерегуларни состојби каде од минута во минута насилието на теренот расте под патронат на истите тие силеџии за кои имаше распишано потерница од страна на Судот уште во четвртокот, значи, пред неделата да се апсат тие луѓе, тие се ставени на чело на партиската војска таму и ја завршуваат работата онака како што не треба. Се прашувам како ви текна барем тие двајца да ги тргневте на страна и да внесевте некои нови фаци кои исто ќе ја завршеа работата. Ние бевме свесни затоа што сценариото имаше работен наслов "Охрид мора да падне".

Во една таква набој ситуација известени сме околу 14:00 часот од едното избирачко место од наш член кој се наоѓа внатре дека се слушаат истрели од рафали и истрели поединечни од огнено оружје. Настанува општа паника и една група наши луѓе оди на лице место за да види што се случува. Таму е веќе општ хаос и се чувствува дека може да дојде до големо крвопролевање, меѓутоа Господ ги чува тие деца што беа таму и е поминато со една прострелна рана на нашиот активист Александар кој и ден денес се бори за гол живот во хируршките клиники во Скопје.

Што е друго симптоматично? Завршува таа пукотница набрзина како во некој вестерн филм. Истите тие луѓе без никаква потреба, без никаква наредба, охрабрени од тоа што полицијата стои зад сите нивни активности и оние полицајци уште во раните утрински часови што се спротивставиле на едни такви сценарија веднаш се повлечени од екипите за обезбедување и донесени се луѓе кои ќе молчат таму и кои ќе гледаат цел ден сеир. Значи, осоколени од тие лоши пораки што ги имаат овие пуштено -не ве чепкаме, правете што сакате, одат кон другото избирачко место.

Што се случува таму? Го пресретнуваат по пат случајно на минување претседателот на Социјалистичко демохристијанската партија на Македонија Васил Ристевски со неговиот автомобил, го претепуваат до смрт, му ја кршат колата, му ја уништуваат до крај колата. Човекот не може да им ја објасни и на бившите колеги полицајци, бидејќи порано работеше во полиција, зошто тоа му го прават бидејќи тој не е ни на едната ни на другата страна. Чисто како политички работник, чисто минувал тука дали да види или не знам во која мисија бил на тоа место што се случило, а воопшто нема врска со избирачкото место кај школото во Лескаица. Значи, се случува на една раскрсница. За да ви биде појасно и да не е многу смешно што се смеете, јас ќе ви покажам делови од сликите на неговиот автомобил(покажува неколку фотографии). Значи, едно стакло нема. Слика број 2, и друго стакло од назад нема. Ова е неговиот автомобил. Еве се фотографиите. Еве господине претседателе, бидејќи вие не гледате, можете да ги погледате и вие.

Во истиот период друг граѓанин, господа пратеници и граѓани, оди кај сестра му дома, бидејќи тој е наш член на СДСМ и

воедно е претседател на надзорниот одбор на партијата во Општината Белчишта. Меѓутоа, човекот ни крив ни должен е претепан до смрт, затоа што на неговата регистрација има залепено назад на таблиците знаците од СДСМ. Кога го препознаваат по овие знаци, а лично го познавам човекот, дента немаше никакви активности, бидејќи сабајлето беше задолжен, се прегласуваше и за советничката листа во општина Белчишта, случајно на враќање од таму, влегува во зградата на сестра му и му се случува ова што му се случува. На овие слики убаво се гледа (некои од пратениците велат "да ја видиме регистрацијата"). Еве, ќе ја видите и регистрацијата. Еве, и околу со автоматско оружје се решетани околу страниците на неговите врати.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

Инаку, за среќа господ ги чувал заедно со едно дете од фудбалскиот клуб што играат заедно фудбал ги имаат извлечено, со палки ги имаат претепано и после насилието видете до кој степен оди, откога ги имаат претепано и надвор извлечени имаат пукано во нивните автомобили и ги имаат направено вакви какви што ги гледате сега овде. (Покажува фотографии). Ова ако е смешно, дајте да се смееме и да си одиме одовде, нека дојдат некои посериозни овде.

Се прашувам, кој беше поводот после она што се случи кај Магнус да го прават ова на другово избирачко место? Едноставно кој беше поводот? Поводот господо, беше тоа што Вашиот активист Нефи, не му го знам презимето како се вика од сабајле до вечер е дрогиран и детето не е криво. Треба да се откријат тие што му се патрони, што го дрогираат детето со некои агресивни дроги и што го прават да е такво. Инаку цела чаршија зборува кога е во нормална состојба е многу добар човек. Меѓутоа, со сила се прави криминалец од него и сега е во притвор и Вие што го натеравте, Вие сега ќе го затворите. Па нели е морбидно тоа да се прави на еден млад човек од 20 и кусур години? Е сега, завршија тие работи како што завршија, изреволтирани од сиве овие состојби кандидатот со кој бев лично присутен во тој момент на Социјалдемократскиот сојуз господинот Никола Рилковски вели: Ве молам, во име на бога прекинете го ова, дајте да ги повлечеме децава да не ни гинат, мене крвави столици не ми требаат. Инаку за ваша информација, „ова е 100% точно и ВМРО-ДПМНЕ и Социјалдемократскиот сојуз ги работеа избирачките списоци на овие две изборни места човек по човек и точно знаевме која група ќе гласа за здружената опозиција, која за позицијата. Од прилика се знаеше, отприлика и Вие знаевте и ние знаевме и повторно со сите чуда што се случуваа до моментот на пукотниците водевме со 130 до 140 гласа од оние луѓе како фаци што беа од координаторите забележани дека излегуваат на гласачки места, или беа потпомогнати да излезат. Не знам дали не лажеле. После ќе Ви кажам како се броени гласовите на второто избирачко место. Значи ние по налог на кандидатот ги повлекуваме избирачките одбори комплетно што беа од нас, дали се контролори, или членови на избирачкиот одбор и за нас тука заврши гласањето со што мислиме дека го направивме најдоблесниот политички потег да нема понатамошни крвопролевања во Охрид и Охрид да не биде запамтен во црната историја на македонскиот народ по едни вакви глупости и насилства што ни се случуваа дента во градот. На тоа беше согласен да ги прекине после пукотниците и претседателот на Општинската изборна комисија да го прекине гласањето. Меѓутоа притисоците од врвот повторно дојдоа на сцена. Човекот сакал или не сакал дал изјава кај близок свој пријател каде што вика: како човек со две деца јас морам да го продолжам гласањето. Меѓутоа како човек со совест и во име на тие две деца утре да не ми се смеат што сум правел во мојот живот, во кариерата, јас ќе си поднесам после оставка. Што значи, ќе ги задоволам двете страни на некој начин. И што се случува? После пукотниците доаѓа до пилатовско миење на раце од страна на господинот Рубенс Наумовски кој за жал наместо да е овде во салата и да слуша и ако нешто лажам, бидејќи и тој беше цел ден во градот, да стане и да каже: Илија, не си во право, тој си замина на турнеја во Малезија и ич не му е гајле каде го остави градот. И јас вчера требаше да одам во Ирска, меѓутоа, мислам дека денешниов настап овде пред Вас и пред македонската јавност е многу поважен и побитен, а време за Малезии и за Ирски имаме и на претек кога овде ќе ги релаксираме навистина односите помеѓу граѓаните на Република Македонија. Значи господинот Рубенс Наумовски излегува со ова соопштение за јавноста од десетина реченици. Соопштението го донесе човек од

Општинскиот комитет на ДПМНЕ и мене ми го даде лично на рака. Ако е лажен текстот, проверете го каков е во вашата архива таму заведено. И ни две, ни три, веднаш од седење во канцеларија експертот Рубенс Наумовски утврдил и како станале инцидентите и кој ги предизвикал и кој бил крив. И вика, подвлекуваме со особено внимание кон јавноста дека носителот на советничката листа на опозицијата господинот Љупчо Митревски е првиот кој го направил овој налудничав потег да пука од огнено оружје. Замислете? Замислете, која дрскост. Точно е, ќе покажат и полициските истраги каде што и тој е повикан и на разговори и на парафински нараквици кој пукал и како пукал. И тоа е точно. Меѓутоа, од каде си го зеде правото тој да изиграва полиција, истражен орган, или судија таму да суди и да ги мие пилатовски своите раце пред јавноста дека тој мора да каже нешто во оваа настаната ситуација за да го смирел градот. И замислете, зошто го цитирам ова соопштени на Општинскиот комитет? Го цитирам затоа што изводите од ова соопштение се точно исказите на министерката за внатрешни работи и против господинот Љупчо Митревски и против господинот Нефи се поднесени кривични пријави како водач на толпи. Замислете од изјавата на Општинскиот комитет жртвата и џелатот се изедначени преку ноќ. Нема истраги, нема полиција, нема судови, нема ништо. Срамота е да се споредат овие двајца луѓе. Тој како носител на советничката листа со 70% Ве победи во првиот круг. Тој е спортист што во животот не се напил ниту една капка алкохол и не згазил на ниедна мравка. Меѓутоа, на Вас Ви требаше име, бидејќи името Бранко Црвенковски не излезе на терен. Беше во канцеларија, бидејќи јас бев 15-тина минути пред настаните исто во нашиот изборен штаб на едното избирачко место, не ме забележале камерите полициски, или некоја повидна фаца, кого го обвинуваат? Љупчо Митревски. Сега имате доказ, вадете се, перете ги рацете пред целата јавност. Исто во тоа соопштение па "пост скриптум" вика и соопштува на охридската јавност, дека господинот Рубенс дознал дека во седиштето во Охрид е стигнат и господинот Бранко Црвенковски. "Пинки го видел Тито" и сега веднаш да каже. Како да беше нешто ново. Му порачувам иако не е тука, веројатно ќе ги земе стенографските белешки и ќе види што сум зборувал, па ако успее да се врати од Малезија, иако мислам дека таму ќе седи десетина дена. Со кое право си го зема да му забранува на господинот Бранко Црвенковски да шета Бранко каде што сака и каде што има работа да оди таму.

Второ, се вели во таа информација, ајде што бил Бранко Црвенковски во Охрид, туку по обичај друштво му правеле Илија Илоски, Димитар Бузлевски и Љубомир Михајловски. Една народна поворка вели: господ ги дава роднините, а пријателите си ги бираш сам. А, кога веќе мене ми се пружило правото на избор да бирам меѓу нив двајца, мислам дека сум го направил правиот избор и затоа и тука немал право во јавноста да соопштува со кога седел Бранко и со кого таму пиел кафе. Или да бидеме чесни пред човекот, Љубомир Михајловски го познавам од порано кога тој беше во Полиција, а јас во Царина, и од тој момент ниту сум го видел, ниту сум го слушнал по телефон. Истите информации, или поточно дезинформации после ги пласиравте во јавност да на некој начин го преместите тежиштето на овие трагични настани што се предизвикани во Охрид дека и господинот Тито Петковски дошол таму па настанале тешки кавги, едните биле да одат, другите да не одат и не знам како, што се обични ординарни лаги и веќе никој не верува на тоа. Дајте да се свртиме кон сегашниот проблем да ги најдеме вистинските виновници, да ги казниме, за да не ни се случи тоа во четвртиот круг, или ќе појдеме во деветтиот круг. Како финале на сето ова ќе се согласите дека не под патронат, не под притисок, по ничија присила на Социјалдемократскиот сојуз или на луѓето од здружената опозиција Општинската изборна комисија во состав Јован Костовски, заменик претседател и Никола Десковски, на 9 октомври другиот ден поднесуваат неотповикливи оставки до Државната изборна комисија, наведувам и цитирам од нивното писмо што е пуштено до Државната изборна комисија: "поради непостоење на елементарни услови за извршување на изборите." Натаму тие викаат дека изразеното сомневање за пречекорување на овластувањата во врска со идентификувањето на избирачите при гласањето што го изразиле членовите на ДИК Трајко Велјановски и Тања Каракамишева поднеле предлог за нивно разрешување. Додека не разрешуваат викаат, ние почесно да си одиме, бидејќи и ден денеска и тие се, а тоа се покажа на примерот на нивните други колеги во

Судот, а и целокупната охридска јавност од денеска се надевам целокупната македонска јавност се убедени дека тие биле во право. И викаат, замислете, тоа го викаат тие, не ние, не јас да измислувам нешто да цитирам од мој памет вадено. Викаат, огромните проблеми што настанаа од пропустите на УВР Охрид во обезбедувањето на објектите на избирачките места и седиштето на Општинската изборна комисија, обезбедувањето на составите на избирачките одбори и на Општинската изборна комисија поради кои цитирам: дојде до упади на вооружени лица на избирачките места 1263 и 1311 и на 24.09.2000 година и тоа ескалираше со вооружени пресметки на 8.10.2000 година во кои се ранети повеќе лица. Не можејќи да го трпат овој срам и оваа брука тие поднесоа оставки. Меѓутоа, господинот Луковски изгледа некои работи не може да ги сфати, треба да се симне во градот и да му стане појасно. Уште другиот ден најавува дека, нема проблем, нека си оди, кој ќе си оди, јас од овде ќе именувам нови двајца што воопшто не е спорно неговото законско право тоа и да го направи како претседател на ДИК. Тоа го прави истиот ден, меѓутоа, уште попладнето во понеделникот од ново именуваните двајца судии му стигнува исто написмено дека одбиваат да служат некому да го верификуваат овој фалсификат. Во меѓувреме веројатно и Вие знаете и целокупната македонска јавност е известена дека е стигнато писмо со колективни потписи од сите судии во Охридскиот општински суд, дека да се тераат уште сто години овие избори, дека ниту ед9н под вакви услови не може да прифати да биде ниту претседател, ниту заменик. Јас не знам која Ви е идејата натаму. Во овие активности навистина сте шампиони, човек мора да Ви симне капа. Не знам што активности натаму ќе преземате, меѓутоа, сакам јавно да укажам и да им се заблагодарам дека токму овие лица што ги набројав и другите судии во градот ја бранат честа на Свети Климентовиот град пред целокупната македонска јавност. Еве вака беше, вака почна и вака заврши. За жал крајот никој не го знае што Ќе биде и како ќе биде.

Дозволете ми на крајот да му се обратам и на кандидатот за градоначалник од вашите редови господинот Никола Наумов. Тоа го правам од две причини. Прво, што до 24.09.2000 година исклучително го почитував и немаше средба наша со една срдечност да не помине. Второ, јас и тој потекнуваме од исто село, мојот дедо и неговиот татко бил многу блиски пријатели и куќите ни се една до друга. Знам дека татко му беше свештено лице, знам и тоа дека двајцата бевме воспитувани во православен и христијански дух. Го прашувам сега јавно она што во јавноста го праша со едно писмо родител на едно починато дете со кое му стоеја насилниците на ДПМНЕ со пиштол на слепоочници кога го запраша, - а му рече прво, ќе се радував на победата твоја исто како и твои најблиски, бидејќи и тој го познавал човекот, а сега те прашувам, дали си спремен да седнеш на фотеља натопена со крв? Сега и јас го прашувам мојот пријател Никола Наумов, господине Никола Наумов, дали си спремен да седнеш во онаа фотелја натопена со крв, бидејќи од вториот до третиот изборен циклус се потврдија овие кобни предвидувања на тој родител на кого Вашите луѓе му стоеле со пиштолот во слепоочница. Знаејќи ја Вашата биографија, Вашето потекло господине Наумов, мора еднаш да сфатите за секогаш дека православните принципи и кодекс на однесување се нешто возвишено и од кое не треба никогаш да бегаме и да ги напуштаме. И знам дека тоа е некогаш пресија за нас и дека претполага многу повисоки норми на однесување и покажување љубов кон луѓето и затоа Вие немате право натаму во оваа утакмица да се такмичите. Другото нека си го одлучи другиот кандидат што ќе направи натаму. Се прашувам дали конечно главите и на другите патрони кои те имаат заробено во оваа нечиста игра, а не си таков човек ќе се разбистрат и ќе сфатат дека влогот е многу мал за да го покрие отпосле срамот што ќе настане. Сепак, сме луѓе што треба утре по Охридската чаршија да шетаме, да седнеме по кафаните како што до вчера сме седнувале и денес со луѓе од ВМРО повторно седнуваме и пиеме кафе. Ако се сфати ова господ ни бил на помош, ако не се сфати ова, немојте, се оградувам од помислата како што почнав така и ќе завршам, да сфатите дека ова е претење. Повторно се повикувам за она од Бајрон дека витез е оној што ќе исуши една капка солза, а не оној што ќе пролее море крв. Ако се сфати ова што го порачав, ќе се релаксираат односите и утре ќе живееме како луѓе, ако не се сфати, се се плашам дека ќе дојдеме на почетокот на она од Марија, дека зошто ни е и ваков мир во кој ќе живееме натаму во Охрид.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илија Илоски за учество во расправата.

За реплика се јави господинот пратеник Митко Тилевски.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Господо пратеници, во целост го слушав излагањето на мојот колега Илија Илоски од Пратеничката група на СДСМ, исто и јас како и тој сме од изборни единици од Охрид, само сметам дека во целост не се согласувам со неговите излагања. Ова сфатете го не како реплика, туку како еден совет да кажам дека се уште истрагата во врска со овие настани во Охрид не е завршена во целост. Тој не може да биде моментално сега пред говорницата како полициски инспектор и како иследник и како судија. Треба да ги почека завршните објаснувања и истрагата до крај па да донесе какво, такво решение, кој прв почнал да пука, кој бил Нефи, кој бил Љупчо Митревски и сите тие работи. Јас после ќе дискутирам во врска со оваа работа, но нема да си дозволам да кажувам работи што се од доменот на полицијата и на судот. Сепак, треба да го почекаме завршниот збор на тие што треба тоа да го кажат. А воедно сметам дека оваа информација што ние ја добивме вчера од јавниот обвинител на Македонија и од МВР, тоа е една штура информација. Барам МВР во интерес на истрагата, во интерес да се обелодени целокупната информација во врска со случувањата во Охрид, а и во цела Македонија да даде еден опширен извештај во врска со овие работи фактографски како што тоа се случувало со сведоци, со изјави во интерес на вистината во Македонија.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине Тилевски, директно ве прашувам Вас, зошто во моето говорење од еден час ниеднаш не Ве спомнав Вас? Затоа што коректно се однесувавте цело време, затоа што со ништо не придонесовте Вие лично, извинете што Ве делам, меѓутоа рака на срце, така беше и мора така да кажам чесно и поштено. Јас во одреден период по телефон му се јавив ли на Рубенс, ако бевте Вие во Општинскиот комитет таму? Ми се јави и му реков: Рубенс, аман човече ако си ти првиот ова што го правите ваму, прекинете, како утре ќе се среќаваме по улица? Овој муабет го правев по телефон. Знаете што ме излажа? Рече, јас не сум појден, а беше веќе 10 часот, 11, првите напетоци се чувствуваа во воздух лебдеше кога ќе се пука. А јасно вика, на улица сум, сега ќе одам до Општинскиот комитет па ќе ти се јавам. И ден денеска ќе ми се јави. Затоа треба да направиме јасна дистинкција.

Второ, никого не спомнав и никого не обвинив. Ви читав податоци од општински изборни комисии, записници од избирачки одбори итн. Кога сме веќе тука вчера ја добивме и оваа информација. Знаете на што личи оваа информација? Го кажав тоа. Ова информација во делот на настаните од третиот круг на прегласувањето во Охрид е препишана од соопштението на Општинскиот комитет. Јас не го измислив тоа што велите вие дека јас обвинувам.

Вели вака: за учество во толпа, што ќе изврши кривично дело по член 385 став 2 и 3, меѓу овие лица се пријавени МЛ, 38 години, тоа е Митревски Љупчо и УН, Усеин Нефи 25 години, двајцата од Охрид. Тогаш и жртвата и џелатот ги ставате во исти кош. Ова го пишува вашата министерка, не го измислив јас.

Второ, кога веќе излегов да ви посочам еден пример, тоа заборавив пред малку да ви го кажам.

Ние исто така на други стратешки места имавме кандидати каде што имаше кандидати и Демократската алтернатива. Тука да ги спомнам Велес и Прилеп. Прашувам, се случи ли нешто таму. А вие ДПМНЕ имавте во центар во Скопје кандидат каде што имаше и Социјалистичката партија па таму направивте пак ујдурми. Значи проблемот лежи во вас. Каде сте вие таму се и проблемите.

Зошто е тоа направено? Направено е затоа што катастрофално изгубивте во првиот изборен круг и разликата во освоени гласови од тогаш до денес ништо не се подобри. Таа е дупло во наша корист. Вие сакавте со Бач, Старавина и не знам уште кои, да ги натокмите градоначалничките места со пиштоли и со безбол палки. Тука треба да бидеме чесни. Затоа, ве молам, вас во моето излагање никаде не ве спомнав, бидејќи цело време коректно се однесувавте.

Друго што заборавив да кажам е, во првиот инцидент кога претеше да се случи, не ги познавам лично дечките, но тие двајцата биле во личното обезбедување на Борис Трајковски. Двајцата викале по обезбедувањето од

"Комета", ако не можете да ги контролирате овие мајмуни, вратете ги од каде што ги донесовте. Значи, и тие биле коректни, не се однесувале сите исто. Затоа треба да правиме дистинкција, ако имаме намера овде да се сослушаме и да донесеме смерници како натаму ќе работиме и ќе живееме. Ако ние си излеземе од салата не можете ниеден закон да донесете со двотретинско мнозинство и така да ја парализираме државата, тогаш ајде така да направиме. Затоа ве молам немојте да влегувате во одбрана на она што навистина не може да се брани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално господинот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе ве замолам г. Илоски во иднина да не ословувате со полното име ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи така сме регистрирани, ВМРО - ДПМНЕ, а не ДПМНЕ. Тоа исто би било како јас да ви викам СКМ - ПДП. Тоа ви беше претходното име.

Тоа беше мојата процедурална забелешка.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Ја прифаќам забелешката.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, прифатено е забелешката.

Господинот Харуни бара реплика. Но ќе ве замолам г. Харуни бидејќи се уште не е завршена репликата меѓу г. Илоски и г. Тилев, ќе ви дадам збор подоцна.

За реплика се јавува господинот Митко Тилевски.

**МИТКО ТИЛЕВСКИ:**

Му благодарам на г. Ило Илоски што мене ме смета како човек кој не учествувал во тоа насилство.

Јас лично да ви кажам, како човек и како хуманиста сум против секаков вид насилство, без оглед дали тоа се случило во Охрид или било каде во Македонија. Но, ве молам да го почекаме извештајот на МВР, целосно да се обелодени и да се види кој прв учествува во сите овие работи и како било сето тоа и судот да си го донесе решението, бидејќи вие овдека кажувате доста работи, а има и доста работи кои не се вистинити. На пример г. Васил Ристевски од Социјалистичко Христијанската Партија, тој тука е присутен како директор на Агенција за обезбедување, а неговата Агенција неколку дена пред тоа имаше оглас на ТВ Сител со барање за 50 лица кои ќе учествуваат во обезбедување. Мислам тој присуствуваше таму на тоа гласачко место и друга е вистината за него зошто тоа се случило. А г. Рубенс Наумовски моментално е на службено патување во Холандија, а не е во Малезија ниту избегал. Мислам дека ние за тоа сме овде за да придонесеме да се смират страстите, да не се случи понатаму такво насилие, и да се каже вистината, но не субјективно туку објективно. Јас се залагам за тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има реплика г. Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Сакам јавно да му се извинам на г. Рубенс Наумовски што не бил во Малезија, бил во Холандија, мислам службено преку парламентот а воопшто не спомнав дека избегал некаде. Можеби во тој настап и погрешив реков дека избегал.

Второ, сакам да му посочам на г. Тилев. Покрај тоа што ми кажува за г. Васил Ристовски, сакам да го потсетам дека тој меѓу другото беше кандидат за градоначалник, кој отпадна во првиот круг, не освојувајќи потребна квота на гласови за да се пласира во вториот круг. Така да и него лично го тангираше како ќе се одвива натаму гласањето во Охрид. Мислам дека од никого не беше ангажиран и не беше таму во својство на директор на агенција. Напротив беше како обичен граѓанин, и вртејќи на улица му се има случено она што му се случи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави г. Димитар Баткоски.

**ДИМИТАР БАТКОСКИ:**

Јас со внимание го слушав излагањето на г. Илија Илоски и навистина морам да признам, доста лирски и без малку и ќе не заплачеше овде.

Не завлегувам во некој податоци што ги изнесе г. Илоски, меѓутоа со сигурност тврдам дека изнесе една невистина. Кажа за дотичниот господин Ѓорчевски, или како беше, и го спомна и Вевчани. Но бидејќи јас потекнувам од таа населба точно знам дека таква личност, таков жител на оваа населба, на оваа општина, нема. Во таа смисла сакам да го потсетам господинот Илоски дека тоа е една од невистините. За другите не знам и не би сакал да коментирам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплика има г. Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Не знам како сум сфатен, меѓутоа јас кажав дека човекот што го идентификувало лицето кое дошло во име на друго лице да гласа е по потекло од Вевчани. И за попластично да биде прикажано, тој му вели - кај си бре братко. Значи на вевчанско наречје. Тој човек што седи во комисијата е по потекло од Вевчани. Имам лично заверена изјава на нотар, ако сака да му ја покажам на господинот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во репликата сака да се вклучи и господинот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Јас бев внимателен и го слушав г. Илоски. Меѓутоа сум доста фрапиран од она што Тилевски му се спротивстави на дискусијата на господинот Илоски, па го прашувам. Зошто толку сиромашна реплика беше кој во ниту еден момент не направи аргументација. Тој сака да наведе дека Собранието не може да се впушти во улога на истражувач, на суд, на полицаец и што не друго. Нему му се обраќам, на господата Ѓоргиевски и Димовска. Тие палат оган таму каде што сакаат, како што беше случајот Арачиново, Дебар, Кондово, Речица, Пороj и сега последно во Охрид, по случајот со локалните избори. Воедно имаат смелост да кажат господата дека нарачателите на овие гнасни и убиства и ранувања и застрашување на обичниот граѓанин, господата се јавуваат како пожарникари. Сега дали ќе останете и натаму како пироманi, да палите секаде каде што сте сакале, или ќе го задржите ова второто, да бидете пожарникари. Доколку улогата на нарачетелите и пироманска и после 7, 8, 9 или 10 месеци Арачиново да не се открие, ние немаме што друго да мислиме, туку дека не се открива тогаш кога нарачателот е самата власт и самата врхушка.

Исто така сакам да предупредам дека во прашање се граѓанските права на сите граѓани во Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Харуни вие не полемизирајте сега.

Ако сакате збор за дискусија, ќе добие.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Имам 5 минути за реплика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Репликата е врзана со кажувањето на претходниот дискутант.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас како што гледам г. претседателе Собранието застанува да патот да го легализира насилството во РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не можете вака да заклучите. Тоа е ваша оценка.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Инаку такви несериозни реплики и несериозни аргументи кога се поставуваат во Собранието, јас не би се согласил.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Реплицирајте со ставовите на претходниот.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас имам толку.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед на тоа што повеќе немаме реплика, му давам збор на господинот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Почитуван претседателе дами и господа пратеници, почитувани новинари.

Пред да почнам да кажам, имаше процедурална забелешка од господинот Флоровски, но јас би го замолил претседателот на Собранието ако некој друг говорник исто така, името на мојата партија која што е судски регистрирана како ВМРО - ДПМНЕ ја ослови со некое друго име, тоа да биде забележано и тој да биде опоменат односно да му биде забележано да го употребува полното име на партијата ВМРО - ДПМНЕ.

Инаку, пред да почнам со дискусија, не можам ако не полемизирам со неколку тези што ги кажа претходниот дискутант господинот Илоски. Имено, неговиот говор започна со, подобро војна ако ние не сме на власт. Сега кажувајќи го тоа ако сите понатамошни негови тези ги влечеше од тоа дека војната како војна за нив е подобар избор од мирот кој што како персонификација на мир го гледаат ВМРО - ДПМНЕ и власта, тогаш и не ме чуди зошто дојдовме до овие настани до кои дојдовме сега.

Понатаму исто така морам да го запрашам г. Илоски, како тоа ги преброил он гласовите? Знаеме дека според законот луѓето кои гласаат имаат право

на тајно гласање и како тоа уште во 10,00 часот тој веќе знаел колку луѓе излегле и колкава предност имала здружената опозиција, колку гласови имала позицијата. Дали на нив им беа бележани нивните ливчиња.

Не ми е јасно сепак како успеал г. Илоски во едно тајно гласање да знае кој колку гласови имал. Конечно како г. Илоски уште во 10 часот му се јавува на мојот колега и пратеник г. Рубенс Наумовски и му вели, слушај ќе има пукање. Значи он сценариото веќе однапред го знаел. Уште во 10,00 час он предвидува што ќе се случи во 14,00 часот или има некои пророчки способности кои што г. Илоски не ги открил се уште.

Исто така, би замолил и сите понатамошни дискутанти, јас исто ќе проговарам нешто околу охридските настани, но за она што како докази како факти што ги имаме досега. Секако нема да се впуштам да ја терам јас истражната постапка, да изигрувам полицаец и во исто време да судам дали господинот Љупчо Митревски пукал или не пукал. За тоа судските органи ќе докажат, дали господинот Неви Хусаини, или како му е правото име и презиме, дали пукал или не пукал. Кој е виновен за тоа ќе докажат на крај судските органи.

Сега ќе ми дозволите да кажам јас како го видов сценариото за целите локални избори, или според онаа драма ММЕ - кој прв почна.

Почетокот беше следниот: Од една страна постоеше таа коалиција за промени помеѓу ВМРО - ДПМНЕ и ДА, и од друга страна се формира коалиција за Македонија и ќе ми дозволите на кратко да објаснам со какви се структури во неа. Ќе почнам со една која што директно не учествуваше во коалицијата, за една партија која подоцна се формираше, непосредно пред да започнат локалните избори, составена од бивши високи полициски функционери, бивши генерали. И можеби ништо лошо, ништо зло во тоа ако има генерали, ако има офицери во таа партија. Но, ако во исто време читаме и добиваме информации дека тие генерали после заминувањето на ЈНА активно биле вклучени во разузнавачките активности на истата таа армија, ако тие генерали активно учествувале, со крајна цел за припојување на Македонија кон друга држава, во тоа веќе суверена друга држава, тогаш е веќе нешто сомнително. Со партија во која што после првиот круг господинот дотичен пишуваше колумни, па не броеше колку сме Македонци, колку сме Срби, колку сме Бугари и според него секој еден кој не е на "иќ", е човек од втор ред. Секој еден што гласа за ВМРО - ДПМНЕ бил Бугарин. И трета партија што имавме прилика јавно да ја слушнеме неговата изјава, после гласањето, после првиот круг во Југославија цел свет, сите држави го признаа резултатот дека победила здружената опозиција, дотичниот господин чекаше втор круг. Сега не знам дали се уште го чека или веќе и он сфатил дека веќе таму е завршено гласањето. И како главен стожер на таа коалиција се наоѓа СДСМ, ќе напомнам, партија која што на својот предизборен митинг, или како веќе тогаш беше еден круг на митинзи што ги правеа пред самите локални избори, во истиот тој Охрид г. Бранко Црвенковски ја повикуваше и ја прозиваше госпоѓата Медлин Олбрајт да не се меша во внатрешните работи на Македонија, а пак нивните активисти членови носеа пароли НАТО оди си. Сега самиот почеток на изборите таа здружена коалиција веќе исфрла теза дека овие локални избори се референдум.

Сега ќе ми извини еден од вчерашните дискутанти што ќе ја дуплицирам неговата дискусија, но тоа веќе мене ми наличи, сето тоа доби призвук дека повторно таа коалиција предводена од СДСМ ги избегнува институциите на системот, заборави партијата во која има голем број универзитетски професори кои се токму професори на Правниот факултет дека единствено референдум за предвремени парламентарни избори може да се случи и може токму ова Собрание да прогласи предвремени парламентарни избори, а не овие локални избори што сега ни се случуваа, ги прогласуваа за референдум. Тоа го прави со крајна цел да ги предизвика овие настани за кои сега разговараме.

Веќе на втората или на третата прес конференција господинот Владо Бучковски излегува со теза дека во случај на пораз, накратко ќе кажам здружената опозиција освои околу триесет и нешто градоначалнички места, од друга страна владината коалиција составена од ВМРО - ДПМНЕ. ДА и ДПА има освоено 82 или 83, има уште на 2 или 3 места да се прегласува, кој победи сега веќе е сосема јасно, прогласува на една од неговите прес конференција дека во случај да

изгуби здружената опозиција тие ќе преминат на план Б, план Ц и план Д, и сето тоа добива изглед како Македонија да се наоѓа во воена состојба, па Генерал штабот во случај на неуспех на планот А ќе премине на планот Б. Сега секој од нив, јас како го гледам, тоа се мои лични ставови, ќе ви кажам. Првиот и основен план сега дали под А, Б, Ц и Д, во нивните документи заведен е поткуп на пратеници. Крајната цел што е? Да ја покажат Македонија како ние да сме банана држава, да може секој еден кој има нешто повеќе пари да дојде во оваа држава да купи пратеници и со крајна цел буткање на актуелната власт. Јас сега не би полемизирал околу овие ставови бидејќи еднаш говорев на собраниските комисии и нема да се задржам и на настаните што се случуваат во Западна Македонија, бидејќи зборував на комисија. Но, не смеам да пропуштам да ги потсетам дека планот Б или планот А, не знам кој беше, поткупот на пратеници го направија и со тоа не и нанесоа штета на партијата ВМРО - ДПМНЕ, пред се со тоа направија голема штета на државата Република Македонија, прикажувајќи ја надвор од Македонија со сите преговарачи кога треба да се преговара може да дојде некој човек кој има повеќе финансиски средства и веќе тие преговарачи да не бидат, туку да бидат некои други.

Вториот од тие планови Б, Ц, Д, не знам кој им беше е поттикнување на бунтови и штрајкови, селски буни. Сите се уште се сеќаваме, мислам дека се и актуелни заканите на Матеја Губец, како го викаат таму селскиот водач дека ќе направи таму селска буна ако не се исполнат тие услови. Се сеќаваме сите се уште дека, наводно заради не откуп на млеко, ќе истураат млеко, реките ќе побелеат од млеко. Од сето тоа нема ништо.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:** (Продолжение)

Сите ќе се потсетиме дека направија штрајк на професорите и на наставниците. Тој штрајк се случи, мислам дека веќе беа почнати локалните избори повторно во организација на здружената опозиција и како пожелен сега, иако мислам дека нема да им биде успешен, тоа не е обелоденето но имам информација дека сакаат да организираат студентски протести на кои исто така крајната цел е уривање на институциите на системот.

Последно кое што се случи, кое што го видовме во неделата на изборите е блокирање на изборите. Тоа ќе го реализираат во нивните планови, тоа беше така замислено, со пара полициски единици, со пара воени единици и исто така крајна цел е уривање на Уставниот поредок на државата. Тука морам да напомнам, со мала но доволно голема во изборниот процес помош од некои одредени судии.

После сите овие планови, А, Б, Ц и Д, според мое видување која е крајната цел. Ќе потсетам од кои структури, од кои луѓе беше формирана оваа коалиција и да потсетам дека во ноември треба да се потпише договорот со ЕУ за асоцијативно членство, ќе потсетам дека сме пред потпишување на договорите со ММФ и Светската банка и ќе ве потсетам дека во исто време додека се случуваат локалните избори во РМ се случуваа избори на сите нивоа кај нашиот северен сосед.

Дали крајната цел на здружената опозиција не беше уривање на уставниот поредок на државата, правење дестабилизација и после тоа правење на неможност за потпишување сојузи со евроатланските асоцијации, а од друга страна потпишување на сојуз со нашиот северен сосед. Цела среќа е што и во РМ и во Југославија изгуби, тука кај нас здружената опозиција, таму г-динот Милошевиќ и за реализација и на едниот и на другиот и на третиот план односно плановите А, Б, Ц и Д им се паднати во вода.

Сега не можам, а да не проговорам и да ги кажам моите видувања за неделните настани во Охрид.

Имено, по победата на 24-ти IX. што се случи по вториот круг одржување избори во Охрид со помош на некои судии кои они ги имаат избрано здружената опозиција успеа да поништи избори на две избирачки места. Тоа како број можеби и не е толку голем , две избирачки места, но ако се земе во предвид дека со поништување на тие две избирачки места се прави резултатска разлика од губитници веќе се во водство на над 200 гласа.

Втора работа која што е многу посимптоматична, е тоа дека на тие две избирачки места населението е мултинационално, односно на тие две избирачки места покрај Македонци живеат и Албанци, живеат и Турци, живеат и Егејци. Дали, повторно ќе се запрашам, тоа е мое лично размислување, крајната цел не била и таков судир да се предизвика меѓунационален. Тоа до 1998 год, додека беа на власт многу често им успеваше за прикривање на вакви или онакви политички неуспеси, сега, тоа малку потешко им оди

затоа што меѓунационалните односи се максимално релаксирани. Претпоставувам, согледувајќи ги и они тие работи уште во четврток, кога имаат изборна трибина и кога говори лидерот на едната фракција, г-динот Бранко Црвенковски со себе носат поголема група на рекетари, и тоа најголем дел ги носат од Кочани, нешто помала група од Прилеп, од Ресен и од околните градови. Елитните единици на тие партиски нивни активисти пристигнуваат во сабота и се сместуваат во Хотелот "Парк", каде што е сместен и г-динот Бранко Црвенковски, кој е што за цело време стои до нив и како нивна не само политичка, туку и морална поткрепа.

Вчера беше споменато, јас исто така нема да ја пропуштам можноста, во изјавите за последните случувања на партиските активисти, како што ги нарекуваат Социјал - демократите, во најголем дел од нив го изјавуваат следното. Конкретно ќе зборувам за"партиските активисти" кои што пристигнуваат од Кочани, кои што се на број 35 и пристигнуваат со девет возила, тоа беше вчера обелоденето, имаат голем број на службени возила, службени возила подразбирам на јавни претпријатија кои што се во власништво на СДСМ, на Јавното претпријатие Кочани, на јавното претпријатие Водовод. Лидерите на тие групи го изјавуваат следното.

Пратеникот Ванчо Георгиев, познат како деликатес таму им дава по 100 ДМ на секој еден активист, он вчера ги изјави за им храна на секој еден активист, они велат дека се дадени тие како надокнада за таму да ги обезбедуваат, и околу тоа обезбедување ќе проговориме малку, партиските избори, и по 100 ДМ дава на секој што ќе дојде со свое возило за гориво, за превоз. Исто така на прашањето што барате вие во Кочани тие ќе кажат да ги обезбедуваме изборите. Тоа г-да пратеници Социјал - демократи мене ме потсеќа на формирање на пара полициски структури.

Значи вие немате верба во органите за внатрешни работи и си давате за право да си организирате свои органи на свој начин кои на свој „начин ќе ги спроведат изборите. И, повторно ќе ве прашам. Како мислевте вие кога однесовте 200 рекетари, вооружени, со пиштоли, со гасни пиштоли, палици, пендреци, шок бомби, ножеви, уште што ли не, што мислевте луѓе кои што, со цел респект спрема нив, но со криминални досиеја, луѓе со низок степен на образование, па тие и да немаа од спротивната страна други луѓе ќе си најдеа сами помеѓу себе рчка и ќе се истепаа, а не уште некој ако се најде од другата страна случајно да е активист на некоја друга партија и нивни не исто мисленици. Значи, 200 луѓе со такво наоружување и со такви тепачки реквизити и да немаше од другата страна, не знам дали имало, тоа ќе се докаже, јас нема да си го давам правото како господинот Илоски да тврдам дека имало, има изјави, кривични пријави и тоа не доведува до информација за сето тоа. Нели господинот Ванчо Горгиев ни кажа да имало 35, можеби и 50. Тоа се изјави од вчера на господинот Ванчо Георгиевски, ќе ги побараме стенографските белешки дека имало активисти, но дека он оправдувајќи се вели јас им дадов пари само за исхрана. Повторно ќе кажам, во тие негови активисти најдени се тие реквизити, најдени се пиштоли. Што барале мајка тие со пиштоли таму? За лична безбедност? Пиштол нека носат за лична безбедност, а со бејзбол палка таму бејзбол да не играле. Со шок бомба, не знам дали знаете што е шок бомба. Тоа е бомба која што кога ќе ја фрлите на одредено место има силен блесок и ги заслепува луѓето и има огромна звучна сила така да луѓето кои што се наоѓаат во опсегот 100 - 200 метри се наоѓаат во шок. Која им била целта да ја носат? Тоа е она што е фатено. Можеме само да претпоставиме што се тие луѓе носеле со себе а не било фатено, затоа што во тој паничен миг претпоставувам дека го исфрлале, па сега по пат некој друг им го собрал.

Повторно ќе се вратам на неделниот настан, таму се наоѓа господинот Бранко Црвенковски како врховен командант на црвените бригади, а како подрачен генерал таму го назначува неговиот секретар на општинскиот комитет, господинот Љупчо Митревски кој што како ваш кадар, како елитен кадар во Охрид го имавте поставено за носител на советничката листа. Мислам дека тој е избран на таа листа. Јас сега нема да се задржам на самиот настан, за тоа мислам дека премногу е брзо и рано, да говориме како се случило, кој пукал, како пукал и од каде пукал, но мора да напоменеме дека на самиот настан, за самото случување во Охрид има 59 кривични пријави. Тука ќе се сложите со мене дека секако не се тие кривични пријави од памет ставени, ќе видиме кој од нив бил виновен, кој не бил виновен. Како првообвинет е вашиот секретар на општинскиот комитет и носител на листа господинот Љупчо Митревски, под сомневање, јас такви информации имам дека тој ја започнал таа пукотница, кога е таа парафинска ракавица најдени се

барутни честички на неговата рака, што значи докажано е дека пукал и повторно ќе ви го поставам истото прашање - која била целта на тие, да не ви го кажувам сценариото како било, тие кружеле со коли, па викале, довикувале, провоцирале таму со разно разни навреди. За какви христијански вредности господинот Илоски ни говори тука, и тоа во светиот град Охрид, кој со цел респект вас ви е роден град, немој во ниеден момент да помислите дека на мене или на било кој член на ВМРО - ДПМНЕ помалку како свет град го гледаат од вас и немој да помислите во ниеден момент дека ВМРО -ДПМНЕ помалку респект има спрема тој град. Која била целта да се тепа македонскиот народ таму. Не можам да си најдам разумен одговор.

Конечно, цела среќа во сите овие темни настани има и една светла точка што во СДСМ се формира едно ново крило, за разлика од господинот Бранко Црвенковски и господинот Илоски и неговите другари, се формира едно ново разумно крило, крило со кое сега секако ќе може да се разговара и мислам дека за вашата партија конечно ќе дојдат и последни мигови кога ќе можеме не на ваков начин, туку на многу пософистициран начин, многу покултурен начин да ги решаваме работите, а не како што досега го практикувавте тоа да го правите со тепачки, со разно разни немири, со бунтови, со штрајкови, со селски буни. Во таа смисла го поздравувам тоа придвижување кое што се случува во вашата партија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави господинот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, господинот Пандов во повеќе наврати на комисиите, каде што имавме можност да бидеме заедно напомена дека има платени пратеници.

Најодговорно тврдам пред македонската јавност, дека господинот Пандов е во голема заблуда. Немајќи никакви аргументи како да ги нападне пратениците од ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, кои ја напуштија ВМРО -ДПМНЕ се служи со ноторни лаги. Должен сум како одговор пред македонската јавност да дадам некое образложение.

Човек, кој од школска клупа преку пропорционална листа директно ќе влезе во Парламентот без животно искуство, така ќе зборува на сериозна тема, како што денеска го слушнавме ја има целосно промашено темата.

Господине Пандов ние пратениците од ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција ја напуштивме ВМРО - ДПМНЕ од следните причини:

ВМРО - ДПМНЕ имаше прекрасна програма на изборите 1998 година, меѓутоа после тоа почна истата да не ја практикува. Оваа програма нудеше едно во пракса господинот Љубчо Георгиевски и ешалонот околу него направи тоа да денес имаме едно црно сивило во македонската економија. Мојот роден град, господине Пандов ве поканува да го посетите, да ја видите сликата...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам за вас говорете. За други...

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Ќе ве молам, 3000 вработени од "Македонка" се непрекинато повеќе месеци во штрајк. Господинот Љубчо Георгиевски во повеќе наврати кога доаѓаше во мојот град ветуваше рестартирање на "Македонка". Таму имаме граѓанска непослушност. Тие вработени во "Македонка" незадоволни од оваа власт ги повлекуваат...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам држете се на темата...

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Ќе ве молам почитуван потпретседателе, ова е реплика на господинот Пандов кој кажа дека ние сме ја напуштиле ВМРО - ДПМНЕ заради поткуп. Ние ја имавме програмата 1998 година која ја креираше господинот Борис Стојменов, кој сега е лидер на Партијата ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција. Дали и господинот Борис Стојменов е исто поткупен. Ќе ве молам господине Пандов, господинот Стојменов е угледен бизнисмен кој има доволно средства до крајот на својот живот за себе и за своите внуци, меѓутоа гледајќи дека вие ја напуштивте програмата која ја креираше во 1998 година, со која ВМРО - ДПМНЕ победи дали Борис Змејковски кој ги стави темелите на ВМРО - ДПМНЕ за вас е исто нечесна личност. Така да немојте да се служите со ноторни лаги дека ние сме поткупени. Нема пара која овие пратеници и мене лично ќе не поткупи. И да знаете уште ќе има пратеници од ВМРО-ДПМНЕ кои ќе пребегнат во нашите редови гледајќи со какви лаги и како ја практикувате програмата од 1998 година, што победивте.

(Се слушаат вулгарни зборови).

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Многу е невкусно господине Черкезов што морам со вас да реплицирам, претпоставувам вас и останатите таму ве задолжија да реплицирате со мене затоа што вие сте координатор на таа пратеничка група, но за разлика од вас кој до 1998 година бевте член, колку што се сеќавам, на Социјалистичка партија, па од интерес, бидејќи сфативте дека во Штип сигурно ќе добие ВМРО - ДПМНЕ станавте, трансфер направивте, господинот Пандов иако е од пропорционална листа од 1971 година во неговите вени тече крв на ВМРО - ДПМНЕ, односно на ВМРО. Значи, господинот Пандов за разлика од вас по раѓање е ВМРО. Нема што мене да ме убедувате кој кога и од кога е.

И, втор момент, нели, многу е , нели на она првично што мислев да Ви го спомнам, сега ќе ви го кажам, многу е невкусно со вас да се разговара, со човек кој е со кривична пријава, човек кој е осомничен дека има направено проневери, едната, не знам како ве товареа според новините што читавме дека сте проневериле 300 илјади германски марки од една страна, а од друга страна слушаме дека со истиот ваш пајташ, односно другар, како го викаа, Никола, немојте да ме фаќате за збор, но со Маџунаров, кој има основно образование делите таму некој кредит што тежи мислам дека, ни помалку ни повеќе околу 4 милиони денари и немате покритие каде се тие пари. Сега немојте, немој да ми го прљате името вие, затоа што барем до сега, колку ги имам годините, ни еднаш не сум имал такви, не познавам јас такви луѓе и многу ми е непријатно сега со вас да си го спуштам нивото, со Вас да полемизирам.

Ако веќе сакате да полемизираме, ако некој од вас таму сака да полемизира, немој Вас да Ве ставаат. Многу е невкусно со човек, кој е крајно неморален, кој земал пари за поткуп, кој е под кривични пријави, сега тука да ми зборува за морал, за доблест. Јас, можеби имам години колку што имам, но досега ни денар немам проневерено, имам права и морална одговорност да можам да зборувам што сакам во тој поглед.

Вие тоа право го немате, не барем сега. Докажете го тоа дека е спротивно, а јас, колку што ги гледам работите, не прочитав ваш демант. Она што го читам во весниците, други информации немам, но весниците што гравитираат кон вашата партија тоа го пишуваат. Немојте сега да ме уверувате или да правиме претпоставки дека сами си ги пуштате тие писанија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете г-дине Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Г-дине Пандов, граѓаните на Република Македонија имаа можност да видат дека не можете да водите реплика.

Тврдам одговорно дека ниту сум бил, ниту сум имал намера да бидам член на Социјалистичката партија. Има можност да се провери тој факт. Вашите инсинуации имавме можност пак сите да ги видиме.

Меѓутоа, за кривичната пријава не одговарам, бидејќи денеска е имиџ да се има кривична пријава од г-динот Љубчо Георгиевски и г-ѓата Доста Димовска. Ние, 6 овде пратеници имаме кривична пријава од нив, нашиот претседател Борис Стојменов има кривична пријава, Борис Змејковски и сите во раководството на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција. Тоа е за нас имиџ, бидејќи со такви измислици не можете да не вратите назад. И други браќа од ВМРО - ДПМНЕ кои се чесни ќе дојдат во оваа Вистинска Македонска Реформска Опција, бидејќи се бориме за доброто на Македонија, за доброто на македонскиот народ. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-динот Иловски побара збор за реплика.

(И други пратеници се јавуваат за реплика).

Истовремено дигнаа рака г-динот Илија Илоски и г-динот Александар Флоровски, а јас реков сами да се договорат кој ќе биде прв.

Ве молам, повелете.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван г-дине Пандов, човек треба да е, навистина голем интелектуалец, врвен интелектуалец да може да ве разбере што сакате да кажете во таа ваша тирада. Јас, бидејќи не се сметам за таков, навистина, ама апсолутно ништо не ве разбрав. И не можам да извлечам ниту една теза на која што би можел да ви реплицирам и да ви дадам децидeн одговор.

Ако забележавте, јас овде еден час читав документи и пред вас и пред македонската јавност. А вие дојдовте овде, истуривте еден грст лаги, како што ве дал Господ и сега велите - одговорете ми. Како да ви одговорам кога тврдите, на некој ливчиња запишани таму, велите сте донеле 200 од ваму, 100 од таму. И, не знам, не фаќајте ме за збор колку беа.

Кога ви дофрлив од место, а од другата страна имаше? од каде да знам дали

имаше, тоа полицијата ќе си каже. Па, полицијата кажува од ден во ден кажува. И токму ова што вие го кажавте го кажува полицијата дека таму уште јас и Бранко Црвенковски меѓу себе не се испоклавме, друго се наше се искла меѓу себе.

Второ, ако имате во себе минимум политичка доблест, ако имате одговорност пред се, не пред другите, останатите, јас очекував денеска да не ја изместувате темата на разговор. Вас воопшто не Ве тангира Охрид. Јас мислев ќе проговорите за она што водевте бучна полемика со вашите колеги кои преминаа во ВМРО - ВМРО. И, ако имавте малку политичка доблест и човечки чувства, вчера, после говорот на пратеникот Ненад Ристевски требаше барем една солза да пуштите, да се замислите до кое дереџе ја донесовте оваа држава. На таа тема требаше вие да разговарате, а не да тресите податоци од ракав, вака беше или така беше во Охрид.

Јас, во мојот говор, цело време читав документи и податоци од официјално избрани државни органи. Тоа беше ДИК, тоа беше општинската изборна комисија, тоа беа избирачките одбори на двете спорни изборни места. И, затоа, ве молам во вашиот настап бидете по прецизни кога сакате некому да одговорите и воопшто, се чудам, во тие испревртени тези и натрупани реченици што ги изнакажавте за 15 -20 минути од оваа говорница, да не зборував јас пред вас, не знам што ќе зборувавте. Бидејќи имате простор, денеска во пакет 4 информации се разгледуваат чија заедничка цел им е терор и насилство над народот на РМ што се случува, на таа тема требаше да проговорите.

Би сакал, за крај, бидејќи со тоа и завршивте, да ви заблагодарам за душегрижништвото што го покажувате за тие некакви сили што ги спомнувате што се појавиле во СДСМ и дека ќе се спаси СДСМ. Воопшто не грижете се за СДСМ. Грижете се за тие некои колеги кои се лево од вас, десно до вас, пред вас и зад вас, од ден на ден, се мислам, со оваа политика што вие ја водите, ќе седнат на оние клупи на кои седат оние шестмина таму. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-динот Пандов реплика.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Не г-дине Илоски, токму тоа, за ова последно што зборувавте, дека во СДСМ конечно се појавуваат некои сили кои можат да ги смират овие настани, кои можат да престане да биде, да го направат СДСМ генератор на немири, на судири, на меѓунационални, вакви или такви, токму тоа е поентата на оваа денешна дискусија и на наредните. Што во цела работа, можеби се гледа светлост на крајот од тунелот. Се гледа една ѕвезда која можеби ќе блесне и ќе ја исправи работата во Вашата партија. А, со тоа ќе помогне и на владеачката коалиција да ги исправи работите во РМ.

Конечно, во вашата партија се појавуваат луѓе со кои ќе може да се седне и да се разговара, а не како завојувани страни, како племиња некои, како индијански поглавици да треба да се седнува и да се преговара. Тоа не може, а да не го поздрави човек, не може човек да остане нем на сето тоа, на такво добро случување.

Инаку, околу две работи исто така морам да ве потсетам. Вчера, токму позади вас седи пратеникот Ванчо Георгиев, токму позади вас можеме да побараме стенограф, самиот тој ни кажува - дека имаше 35 активисти од Кочани. Јас ќе ви кажам, ако сте вие согласни, ајде јавно да прочитаме какви досиеја имаат тие активисти? Што се по вокација? Какво образование имаат? Дали имаат криминално минато? Нели, ако се некои чесни активисти кои дошле, сите тие изјавуваат дека доаѓаат да обезбедуваат избори. Повторно ќе ве прашам, што очекувавте од такви активисти? Дека песни, таму, за слобода ќе пеат? Што очекувавте вие, дека развигорче ќе си играат таму "рас, рас, трас"? Од такви луѓе нормално е, и плус, на сето тоа таму нивниот лидер, на дело фракцијата во партијата, г-динот Бранко Црвенковски, таму вие, лани само прогласениот сам за себе генерал г-динот Бузлевски, оваа година пасивизиран и нормално дека ќе дојде. Тие, повторно ќе ви кажам толку луѓе, 200 "активисти" да немаше други, да немаше ниту еден друг од страната да им противречи, сами меѓу себе ќе се истепаат. Тоа е толку јасно.

И, ако на сето тоа ве потсетам дека почнувате "подобро војна одколку мир со ВМРО - ДПМНЕ, ДА и ДПА на власт", ако вие и понатаму изјавувате тука, ако и понатаму зборувате од оваа говорница, за каков мир зборувате вие? За какво спокојство во изборите? Тука нема шанси. Еден будала што може да расипе 100 паметни не може да поправат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика има г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Г-дине Пандов, верувате ми на збор, навистина не познавам ниту едно од тие деца. Дозволете да ви кажам, немојте

повторно од ракав да тресете какви досиеја имале и што досиеја имале децата кои биле таму како активисти на СДСМ.

Одговорно тврдам пред вас овде и пред целокупната македонска јавност, да се земе досието на заменик министерот за внатрешни работи со одлежана казна, после го ослободивте намерно за да го наместите заменик министер, верувам дека не од тие кои биле таму, од цела Македонија да се соберат такви деца имаат помало досиеја од заменик министерот за полиција.

Околу фракциите во СДСМ, ве молам, не ширете повторно инсинуации. Затоа што не постојат, има една народна поговорка која вели "прво изметете си го дворот па после ѕиркајте во туѓи дворови". Вашиот двор е нечист. Вашиот двор, г-дине Пандов се движи кон Авгиевите штали, Херкулес ќе го чисти него. Инаку, не се чисти вака. Единствено вие ако не се сметате лично како Херкулес. Авгиевите штали само тој успеал да ги очисти.

Затоа, додека ѕиркате во туѓите дворови, изметете го прво вашиот па после кажувајте го ова што го кажувате.

Повеќе немам намера, било што да кажете, да ви реплицирам. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Еве конечно, и јас добив шанса инаку, на минатите парламентарни сесии некако тешко доаѓав до збор, не од потпретседавачот, туку од претседателот на Собранието, но не е битно.

Мала шанса на некој начин да одговорам на некои обвинувања. Конкретно станав да одговорам на она што г-динот Черкезов спомна, но ќе се навратам и на некои искажувања на г-динот Илоски, барем за мене не логични.

"Не практициран модел", "нови лични карти", "гласачки легитимации", што ги практикува оваа власт, во функција на фалсификување на изборите. Значи, г-дине Илоски, јавно признавате дека освен овој модел што вие го посочивте, сето друго што значи фалсификување на избори, веќе е практицирано и веќе сте го практикувале од изминатиот период од 6 години. Тоа јавно вие го кажавте, можете да ги проверите стенограмите. Ако грешам ќе ви се извинам, меѓутоа, фала му на Бога, памтам.

Тоа што, исто така, нелогично ми звучи дека одредени маскирани типови, кои во првиот круг се заканувале по гласачките одбори, им ставале пиштоли на чело, ги препознавте во вториот круг. Нели нема логика, ако е веќе некој маскиран како Зоро, не можете да го препознаете, од каде најдовте начин да го препознаете во вториот круг? Исто така една нелогична работа што успешно сакавте да ја проткаете во она што го презентирате, не навлегувајќи во Охридските настани, ниту сум компетентен да говорам. Вие бевте директен или индиректен учесник. На крајот, МВР кое е надлежно, верувам дека има сознанија за сето она што се случувало во градот Охрид во текот на локалните избори.

Тоа што е интересно и цело време провејува и во вашите извештаи во пратеничката група и во самите искажувања е што цело време тие криминални групации, така барем ги нарекувате, рекетари, платеници, како сакате наречете ги, се тесно поврзани со одредени структури на власта.

На вчерашната емисија на "Канал - 5" што ја водеше г-ѓата или г-ѓица Јадранка бивша Николиќ, сега незнам како се презива, чиј гостин беше г-динот Сашо Ордановски, кажа една ваква работа, ова да биде попластично, во функција на она што не обвинувате цело време дека сем врзани со криминалните здруженија или групи во Македонија. Сашо Ордановски упати една ваква забелешка, 1994 - 1995 година, на некоја емисија г-динот Роли Јакуповиќ изрече јавно, незнам, во некое друштво, можеби некој од вас присуствувал, дека тој многу полесно ќе влезе кај Бранко Црвенковски него било кој министер од СДС. Така што, тие обвинувања дека ВМРО - ДПМНЕ, како политичка структура, ќе појаснам уште еднаш, Илија да ме слушнеш, погласно, тоа се зборови на г-динот Сашо Ордановски вчера изречени на "Канал-5", дека г-динот Роли Јакуповиќ пред 3 - 4 години јавно изрекол на некоја емисија на "А-1", дека многу полесно ќе влезе кај Бранко Црвенковски како премиер, него еве, ти, како тогашен министер за царина. Што тоа говори, просудете вие самите. Нема повеќе да говорам.

Поентата ми беше сосема друга, а ова го кажав попатно. Да одговорам, повеќе ме боли она што го изрекуваат довчерашните пратеници на ВМРО - ДПМНЕ, отколку она што како забелешка го кажа ти или пратениците на СДСМ.

Така што, г-дине Черкезов, (пратеникот бара збор со кревање рака) чекајте, чекајте да довршам, не кревајте рака, имате време, не брзајте, ќе полемизирам цел ден со вас. Барем со вас ми е лесно. Со кое морално право вие говорите против ВМРО - ДПМНЕ? Вие сте

избран како пратеник на ВМРО - ДПМНЕ на изборите 1998 година. Граѓаните гласаа за пратеник на ВМРО - ДПМНЕ, а не за личност. Јас не навлегувам во Вашите квалитети. Но, можам едно да кажам дека благодарејќи, "Господ да го прости Пане Велев", вие станавте пратеник. Да беше жив, состојбите сигурно не ќе беа вакви како што сега се однесувате.

Со кое морално право овде ни држите придики за исправноста или неисправноста на политиката на ВМРО - ДПМНЕ? Не мора веднаш да ми одговорите. Ако имате доблест, морал, преспите, може да разговараме и надвор, што е тоа што како грешка го направи ВМРО - ДПМНЕ. Но овде, апсолутно немате морално право затоа што јадете леб од оваа политичка партија. Доколку сте крајно доблесни, ако веќе имате доблест, поднесете си оставка, излезете како кандидат на ВМРО - ВМРО, па да видиме колку гласови ќе добиете.

(Пратеникот Златко Стојменов дофрлува од место и бара збор).

Златко, ти барем си културен дечко, сослушајме, те молам.

Околу улогата и ликот на г-динот Борис Стојменов, со вас во било кое време ќе полемизирам. Ќе ги отвориме проблемите и со приватизацијата на Стопанска банка, што беше поткрената пред извесно време од г-динот Вангел Симев, кого лично јас го кандидирав и го направив пратеник.

(Реакција од страна на определени пратеници).

Ќе разговараме и за одредени приватизации на г-ка "Пластика" и за одредени конта во одредени италијански банки, за потпис даден за приватизација на Стопанска банка.

Сега, засега толку, немам намера да реплицирам, затоа што ќе излезам.

(Дофрлања од место).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе ве молам за ред.

(Пратениците од ПДП бараат збор процедурално).

Ве молам, процедуралната интервенција има предност.

Има збор г-динот Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине потпретседателе, дајте сега, барем пред јавноста да се гледа дека се почитуваат основните правни норми, деловнички норми. Ние, нон - стоп тука разговараме дека се почитуваат законите и други правни прописи, а сега тука не сме способни да ги почитуваме деловничките норми.

Во салата нема повеќе од 40 пратеници, а ние одржуваме седница.

Молам седницата да се прекине.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Службите нека ги пребројат присутните пратеници.

Се приговара на можноста Собранието да работи со потребниот кворум.

(Се врши пребројување на пратениците присутни во салата).

Во салата се присутни 50 пратеници.

Приговорот е на место.

Давам пауза од 15 минути за да се соберат пратениците.

(По паузата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали имаме кворум сега да продолжиме со работа.

Од службите нека извршат броење на пратениците. Имаме кворум.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Добро знаете дека по макотрпен пат дојдовме до расправа на оваа седница по овие три информации. На ПДП, на СДСМ и ВМРО - ВМРО. Нај минимум одговорност на оние што ги поднесоа овие информации или оваа заедничка информација, навистина, треба, да се наоѓаат во салата. Тие се поднесувачите и ние оваа расправа ја водиме по нивна иницијатива. Ако тие се залагаат пред цела македонска јавност да го изнесат своето видување за настаните околу изборите 2000 година, ве молам, немојте да го поставувате прашањето позицијата постојано да биде овде на штрек, а вие постојано да бидете излезени надвор и се однесувате ноншалантно околу оваа информација. Јас овде изборив само 13 души, за жал малер број 13 души од опозицијата, која сака да ја разгледа оваа информација. И, ако навистина сте малку сериозни и ако навистина политички размислувате и ако навистина сакате да направиме било каков договор за сите овие нешта што се случуваат, тогаш од ваша страна треба да покажете добра волја и навистина да се наоѓате во клупите овде во опозицијата, за да можеме релевантно да расправаме и на крајот нешто да се случи, што треба да се случи. Тоа не е битно, јас кажав дека вие покренувате иницијатива и за жал господа од ПДП, го поставува прашањето,

нема мнозинство на седницата, треба да се прекине.

Ве молам, вие сте подносители на овие информации. Тоа е основна работа во политичката работа и ако веќе тоа не го знаеме и ако така не се однесуваме, мислам дека е крајно време да ја сфатиме сериозно работата и ако сакате до понеделник или вторник, до крај да ја исцрпиме материјалната расправа, за да можеме на крајот нешто друго како заклучок што ќе произлезе, ќе видиме од оваа седница.

Затоа господине претседателе, ве молам, вие како спиќер овде во Собранието на Република Македонија, тоа уште еднаш да го потврдите овде со пребројување на гласовите или ако не, тогаш да ја прекинеме седницата.

Да се каже пред јавноста дека опозицијата нема потреба од расправа, а сето тоа го правела заради некаков фиктивен маркетинг.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Можете да се расправате надвор.

(Ова е одговор на реакцијата на пратениците).

Предлог се дава дали да констатирам дека немаме мнозинство, да ја прекинам седницата или да работиме. Работа нема.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Вие констатирате дека ова беше политички маркетинг.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Насер Зибери, само за маркетинг да ви дозволам, меѓутоа говориме за материјална расправа.

Нема потреба да правиме политички маркетинг.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине потпретседателе, вие му дадовте збор на г. Ѓорѓи Котевски без да има кворум и рековте дека тоа е надвор од седницата, надвор од расправата. На ист начин сакам и јас да ви се обратам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Надвор од ова и повели.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да му кажам на г. Котевски.

(Реакција од страна на пратениците).

Дозволете ми да се произнесам, односно создадете услови сега да се произнесам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Штом реков надвор од расправата...

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека г. Котевски, прави евтин маркетинг и многу е проѕирно. Зашто, ако тој бара опозицијата да создава мнозинство, за да може Парламентот да расправа, тоа е просто невозможно. Затоа, вие сте на власт, затоа што вие сте мнозинство. Ние немаме 61 глас. А, ако сакате да се создаде мнозинство, приберете ги, прво, вашите коалициони партнери, ДА, ПДПА - НДП и вашите и ќе има 70.

Затоа ве молам пребројте ги гласовите и да продолжиме со расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, ако сакаме да разговараме меѓу себе, навистина, направив еден превид, мислев дека ќе има конструкција, вие тоа го злоупотребивте, па затоа ја прекинувам седницата и ќе продолжиме во понеделник во 11,00 часот.

(Седницата заврши со работа во 14,40 часот).